Министерство за животна средина и просторно планирање Државниот инспекторат за животна средина преку државен инспектор за животна средина Зоран Стојнев, со службена легитимација број 06-0023, по добиено Барање од 02.02.2026 година од страна Друштво за производство трговија и услуги ИНВЕСТ АУТО ДООЕЛ увоз-извоз Крива Паланка застапувано од Мартин Станковски ЕМБГ и врз основа на член 200 став 7 од Закон за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 89/22, 171/22 и 3/25) и член 44 став 3 од Законот за општа управна постапка („Службен весник број 124/2015 I 65/2018„) донесе:

РЕШЕНИЕ

**СЕ ЗАДОЛЖУВА СЕ ЗАДОЛЖУВА правниот субјект** Друштво за производство трговија и услуги ИНВЕСТ АУТО ДООЕЛ увоз-извоз Крива Паланка **во дополнителен рок** да ги отстрани недостатоците утврдени со Записник бр. ИП1 29-1055 од 31.10.2025 година.

1) Се задолжува правниот субјект Друштво за производство трговија и услуги ИНВЕСТ АУТО ДООЕЛ увоз-извоз Крива Паланка да плати надоместок за 2024 година согласно со членот 23 од Закон за управување со дополнителни текови на отпад.

2) Се задолжува правниот субјект Друштво за производство трговија и услуги ИНВЕСТ АУТО ДООЕЛ увоз-извоз Крива Паланка да изготви извештај за увезени возила за 2024 година и истиот да го достави до Министерство за животна средина и просторно планирање.

3) Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 и 2 на ова Решение, изнесува 120(сто и дваесет) дена од ден на прием на Решението.

4) Субјектот на инспекциски надзор од точка 1 и 2 на ова Решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

Образложение

До Државниот инспекторат за животна средина на ден 02.02.2026 година е доставено Барање за продолжување на рок за постапување по издадено Решение со број ИП1-29-1055 од 03.11.2025 година во кое бараат да се продолжи рокот поради објективни причини. Државниот инспекторат за животна средина го разгледа поднесеното Барање кое е поднесено на ден 02.02. 2026 година и одлучи за истото.

Согласно надлежностите што произлегуваат од член 200 став 7 од Законот за животна средина и член 44 став 3 од Законот за општа управна постапка се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.**

Доколку субјектот не постапи согласно издаденото Решение, Државниот инспектор за животна средина ќе поднесе прекршочна, односно кривична пријава пред надлежниот орган, согласно член 200 став 4 од Законот за животна средина.

**ПРАВНА ПОУКА**
Против ова решение незадоволната странка може да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочна постапка, во рок од 15 дена од приемот на решението.

**Решено во Државниот инспекторат за животна средина под број ИП1-29-1055 од 02.02.2026**

Државен инспектор за животна средина
**Зоран Стојнев**

**М.П.**

------------------------------------------------------------

со службена легитимација
број 06-0023 од 29.05.2025 год.